**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**Су.бр.03-172/20**
**29.10.2020 год.**
**КРУШЕВО**

# З А П И С Н И К
## за административна селекција

Составен на ден 29.10.2020 година во Основен суд Крушево од страна на Комисијата за за избор на судски службеник, согласно чл.12 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . (Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година), во врска со објавениот Јавен оглас бр.01/2020 во дневните весници Нова Македонија и Коха од 09.10.2020 година на Основен суд Крушево, за вработување 1 судски службеник за работно место самостоен референт – сметководител 1 извршител.

Комисијата констатира дека по објавениот Јавен оглас бр.01/2020 за работно место самостоен референт - сметководител, пријавени се вкупно 2 (два) кандидати.

По разгледување на пријавите за секој кандидат поодделно, Комисијата ја утврди следната состојба:

**УРЕДНИ ПРИЈАВИ** доставиле следните кандидати:

**За работно место самостоен референт - сметководител**

1. Кандидатот со шифра 2020-001
2. Кандидатот со шифра 2020-002

**НЕУРЕДНИ ПРИЈАВИ за работно место самостоен референт – сметководител НЕМА.**

По извршената административна селекција на кандидатите, Комисијата пристапи кон вреднување на постигнатиот успех од образование, работното искуство и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, за кандидатите кои имаат доставено уредни пријави и тоа:

**За кандидатот со шифра 2020-001 при административната селекција утврдени се следните бодови:**

1. Образование 24,08 бода
2. Работно искуство 2 бода
3. Познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење 5 бода

**ВКУПНО: 31.08 бода**

**За кандидатот со шифра 2020-002 при административната селекција утврдени се следните бодови:**

1. Образование 13,94 бода
2. Работно искуство 2 бода
3. Познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење 5 бода

**<u>ВКУПНО: 20,94 бод</u>**

| Шифра | Освоени бодови од административна селекција |
|---|---|
| 2020-001 | 31,08 |
| 2020-002 | 20,94 |

Комисијата утврди дека пријавените кандидати за работното место самостоен референт -сметководител, ја поминаа административната селекција и истите продолжуваат на полагање на испитот за судски службеник.

**И Н Ф О Р М А Ц И Ј А**
**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА СУДСКИ СЛУЖБЕНИК**

Испитот се состои од два дела и тоа: **стручен дел и испит за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски).**

Прашањата за испит на кандидатите за самостоен референт – сметководител ќе бидат од следните области :

- Судски деловник
- Закон за судови
- Закон за судска служба
- Закон за управување со движењето на предметите во судовите
- Закон за кривична постапка
- Закон за парнична постапка
- Закон за управни спорови
- Закон за Буџетите – сметководство
- Прашања за јазик (англиски, француски, германски) – НИСКО НИВО

Прашањата за испит се објавени на WEB страната на судот (www.oskrusevo.mk) на линкот <u>Прашања за вработување на судски службеници.</u>

Испитот за судски службеник ќе се одржи на ден 13.11.2020 (петок) во 11:00 часот во просториите на Основен суд Крушево.

Комисија:
1. Лирије Емини - Претседател
2. Наум Наумоски – член
3. Сашо Темелкоски – член од Совет на Судска Служба

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОСНОВЕН СУД - КРУШЕВО • GJYKATA THEMELORE - KRUSHEVË • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT